


# КАРПОШ
## неделен е - билтен




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**21-27 авг 2024 Билтен бр. 570**

# КАРПОШ ВО РИТАМОТ НА ЧАЛГИЈАТА И ПОП МУЗИКАТА

**Во рамки на јубилејното Карпошово културно лето, на плоштадот ,,Делфина", на 21ви се одржа втората вечер.**

**Сцената заблеска со настапот на Филип Шурбевски со квартетот ,,Езгија", а со звуците на чалгиската музика, присутните карпошани се расположија. Веднаш по нив, младиот талентиран Христијан Проданов, ја разигра публиката со изведба на познати поп хитови. Како за крај на вечерта, бендот ,,Вертиго", кој допрва ќе се докажуваат на музичката сцена, пријатно ги изненадија присутните граѓани со нивниот свирачки и вокален талент.**

**Оваа вечер, на Карпошовото културно лето, љубителите на уметничките дела, ќе може да ја погледнат изложбата на Елена Галика и Жане Шумковска, под наслов ,,Карпошово лето во бои", а веднаш по нив ќе настапи познатата македонска група ,,Силви Бенд".**



# МУЗИЧКО УМЕТНИЧКА ВЕЧЕР НА КАРПОШОВО ЛЕТО

**Македонската група ,,Силви бенд", која опстои повеќе од 35 години на музичката сцена, уште еднаш докажа дека се меѓу најдобрите домашни изведувачи. На 22ри август, во рамки на карпошовата културна манифестација, освен неповторливите ,,Силви Бенд", своја ликовна изложба имаа и Елена Галика и Жане Шумковска.**

**Љубителите на добрата музика и безвременските хитови на бендот, како и познавачите на извонредните уметнички дела, имаа можност да присуствуваат и да се дружат на уште една летна вечер на јубилејното Карпошово културно лето.**

**Вечерва, како дел од програмата на традиционланата манифестација, ќе биде изведен Мјузиклот за деца и младинци – ,,Приказната за генијалната Матилда" на КРИО-АКСИС, а веднаш по неа, со смирувачки џез ноти, легендарниот клавијатурист Кокан Димушевски ќе се претстави со неговиот албум ,, The back of beyond".**



# МЈУЗИКЛ ЗА НАЈМЛАДИТЕ, КОКАН ДИМУШЕВСКИ ЗА ПОВОЗРАСНИТЕ КАРПОШАНИ

**Со едночасовно театарско-музичко шоу, вчеравечер, сцената на Карпошовото културно лето блесна во вистинско шаренило, на која младите талентирани актери од Мјузиклот за деца и младицни КРЕО-АКСИС ја изведоа претставата ,, Приказната за генијалната Матилда”.**

**Најмладата публика, која внимателно го следеше мјузиклот, уживаа во секоја сцена од театарската претстава со насмеани среќни и исполнети детски лица.**

**На четвртата по ред вечер на јубилејното Карпошово културно лето, свој перформанс имаше и познатиот џез клавијатурист, Кокан Димушевски, кој отсвири дел од својот албум ,,The back of beyond”, кој изобилува со амбиентална и смирувачка музика.**

**Програмата продолжува в сабота, кога започнува ликовната изложба под наслов ,,Мирисот на летото” во дворот на Кинотеката на Македонија, а истата ќе трае цел викенд, и ќе започне од 10 часот па се до 19 часот. Љубителите на уметничката четка, ќе имаат можност да ги погледнат делата од десет врвни уметници.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ПОСТАВИ НОВА СПОМЕН-ПЛОЧА СО ИМИЊАТА НА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ПРВИОТ СКОПСКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски предложи до советниците на Општина Карпош, а тие ја изгласаа Одлуката за поставување на нова спомен-плоча, по повод основањето на Првиот Скопски Партизански Одред.**

**Станува збор за нова спомен-плоча која се наоѓа веднаш до старото спомен-обележје, која Општина Карпош ја постави на барање на Сојузот на борци на Македонија. На новата спомен-плоча се запишани сите членови кои биле дел од Првиот Скопски Партизански Одред. Локалната самоуправа ја финансираше изработката и поставувањето на овој историски паметник, кој денеска свечено беше пуштен во употреба, во чест на 80 годишнината од Првото Заседание на АСНОМ.**
**По тој повод, се обрати и претставникот на Сојузот на борците на Македонија, кој во оваа пригода изрази голема благодарност до градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски. Претставникот на СБМ јавно му се заблагодари на Јакимовски за досегашната соработка и целосна поддршка која се одвива на високо ниво, и ги потсети присутните за иницијативата на првиот човек на локалната самоуправа, која ја реализираше пред речиси една деценија. Имено, на предлог на градоначалникот Јакимовски пред десетина години, Општина Карпош со сопствени средства го изработи и го постави споменикот на македонскиот народен херој, Кузман Јосифоски – Питу, кој се наоѓа во населбата Козле.**
**Во рамки на денешната свечена манифестација, трочлена делегација од Општина Карпош, предводена од Секретарот на локалната самоуправа, Ивана Ордевска и советниците Зоран Краљевски и Славко Митевски, денеска присуствуваше на овој свечен чин, каде што положи свежо цвеќе пред новопоставеното спомен-обележје.**



# ДЕСЕТТЕ УМЕТНИЦИ ГО НАСЛИКАА МИРИСОТ НА ЛЕТОТО ВО КАРПОШ

**Во рамки на традиционалното Карпошово културно лето, денеска и утре, ќе се одржува ликовен тематски спектакл под наслов ,,Мирисот на летото", во дворот на Кинотеката на Македонија. Познавачите на уметничи дела и сите они граѓани кои се заљубени во умeнтоста, овој викенд ќе имаат можност да ги запознаат десетте врвни уметници, Сузана Ал Сакини, Маја Танева, Марија Светиева Ергас, Емилија Тоциновска, Владимир Лазоски, Харалампие Мачев –Хари, Илчо Симовски, Игор Поповски, Владимир Величковски и Стојче Тоциновски.**

**Секретарот на локалната самоуправа, Ивана Ордевска, со поздравен говор, официјално ја отвори оваа ликовна манифестација, која е дел од Програмата на овогодинешното Карпошово културно лето.**

**-Општина Карпош во континуитет ја негува ликовната уметност, па така под нејзино покровителство се негуваат низа ликовни настани повеќе од 15 години. Сведоци сме на ликовни хепенинзи, на кои сликаат дечиња од градинките, училиштата. Голем број ликовни колонии на кои учествувале уметници од целиот свет, освен домашните. Па така, како резултат на тоа, Општината поседува сериозна збирка на уметнички дела кои ги чува со особено внимание – посочи Ордевска.**



## КАРПОШ ГИ СТИПЕНДИРА ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ – СПОРТИСТИ

**И во учебната 2024-2025 година, Општина Карпош ќе доделува осуммесечни стипендии во висина од 3.000 и 3.500 денари, за најталентираните основци – спортисти кои учат во  VIII и IX одделение, во училиштата на нејзина територија. За таа намена Општината објави и Јавен оглас во печатените медиуми каде прецизно се наведени условите, критериумите, како и начинот на пријавување и поднесување на документите потребни за аплицирање на повикот за добивање на стипендија.**

**Според утврдените правила, апликантите треба да бидат жители на општина Карпош и истите треба да се ученици во VIII или IX одделение во некое од основните училишта во Карпош. Како што налагаат критериумите, спортистот-апликант треба да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичната Национална спортска федерација и да се во согласност со календарот на натпревари на Националните федерации за периодот од 01.09.2023 година до 31.08.2024 година:**

**национално првенство, освоено индивидуално I место (3 бода);**
**национално првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода);**
**репрезентативец на Македонија, да има учество најмалку на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кого бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот), (3 бода);**
**награда за индивидуални постигнување на национално првенство или постигнување на рекорди (3 бода);**



# КАРПОШ ПУЛСИРАШЕ ВО ЗВУЦИТЕ НА БЕЗВРЕМЕНИТЕ МУЗИЧКИ ХИТОВИ

**По тематскиот ликовен настан, кој се одржа минатиот викенд во Кинотеката на Македонија, традиционалната манифестација Карпошово културно лето продолжи во ритамот на музиката. Така, изминатата ноќ беше место на кое можеше да се слушне извонредниот глас на младиот и талентиран пејач Јасмин Алиевски, кого публиката го запозна на познатото српско музичко шоу ,, Ѕвездите на Гранд”. Тој ги отпеа познатите македонски и балкански хитови, а пред присутните се претстави и со неговите авторски песни.**

**Пред многубројната публика, со бравурозна изведба на познати странски и македонски балади и евергрини, настапија и неприкосновените и прекрасни дами од аматерскиот женски хор ,,Фрида од Македонија”. Поведени од одличната атмосфера на бината, карпошани во еден глас пееја заедно со енергичните вокалистки од женскиот хор, приредувајќи уште една вечер за паметење.**
**Јубилејното 15-то Карпошово културно лето, со својот настап официјално ќе го затворат членовите на легендарна група ,,Леб и сол” и тројцата добро познати оперски пеачи ,,Трио Џентлмен”.**



# КАРПОШ ДОБИ 20 ЛИКОВНИ ДЕЛА ОД ЕМИНЕНТНИ УМЕТНИЦИ

**Десетина врвни ликовни творци кои минатиот викенд со љубов за Карпош го насликаа „Мирисот на летото", денеска ги изложија своите дела во галерискиот простор на Кинотеката на Македонија. Станува збор за истакнати ликовни работници кои во рамки на манифестацијата „Карпошово културно лето 2024", беа дел од проектот „Ликовните творци со љубов за Карпош", каде ги пренесоа своите емоции и импресии на белото платно. Во знак на благодарност кон градоначалникот Стевчо Јакимовски и локалната самоуправа за досегашната одлична соработка и несебичната поддршка која се манифестира повеќе од една деценија, тие одлучија да ги подарат своите уметнички дела кои отсега ќе ги красат просториите на Општина Карпош.**

**Секој уметник насликa по две дела во формат 40×40 сантиметри, а од изложените експонати изработени во комбинирана техника и акрилни бои на платно, можеше да се забележи дека доминира апстракцијата, фигураликата, суптилната стилизација и урбаните мотиви.**

**Пред присутните се обрати Претседателот на Детскиот ликовен центар, проф. д-р Стојче Тоциновски, кој во оваа пригода му додели Признание на градоначалникот Стевчо Јакимовски, за неговата повеќедецениска поддршка за развивање на ликовната култура. Признанието за Јакимовски го подигна Секретарот на Општина Карпош, Ивана Ордевска која во име на првиот човек на Општината се заблагодари за укажаната чест и вети дека градоначалникот и локалната самоуправа ќе ја интензивираат досегашната поддршка и заедничка соработка, особено во полето на културата и уметноста.**

